**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Комитет за следење на ИПАРД**

**Записник Бр. 13**

# Записник од тринаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

**05 Декември, 2013/ Клуб на пратеници**

Арх. бр. - 305279/1

Датум: 20.06, 2014

Скопје

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД**, **Зоран Коњановски**, Заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

**Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД:** вд. Раководител на Сектор за управување со претпристапни фондови (ИПАРД) **Билјана Костовска** и Секретар на Комитетот за следење на ИПАРД, **Василка Тамбуркова,** Советник за следење на спроведување на ИПАРД фондовите и известување

<u>Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД</u> :

1. **Абдилгафар Синани**, Раководител на Сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
2. **Живко Брајкоски**, Раководител на Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
3. **Игор Златков**, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството.
4. **Сашо Ристевски**, Секретар, Македонска Асоцијација на Преработувачи._**Андрија Секуловски**, Претседател, Федерација на Фармери во Република Македонија.
5. **Наташа Вртеска**, Правен советник, Заедница на единиците на локалната самоуправа
6. **Вељо Тантаров,** Претседател, Сојуз на земјоделци на Македонија.
7. **Робертина Брајаноска, Извршен Директор,** Македонско Еколошко Друштво
8. **Љубиша Николовски, Раководител на сектор**, Координација и институционална поддршка, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија
9. **Огнен Оровчанец**, Претседател на Агро-бизнис комора при Сојуз на Стопански Комори на РМ
10. **Снежана Герасимова Матевска**, Советник, Министерство за култура
11. **Олга Стоименова**, Претседател, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка“, Виница
12. **Оливија Штерјова**, Директор, Комора на занаетчии на Република Македонија.
13. **Ефтим Шаклев**, Претседател, Асоцијација на земјоделци.

<u>Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД</u>

**1. Катерина Ивановска, замена за Валентина Стојановиќ**, Шеф на кабинет, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**2 Ана Котевска**, замена за Драги Димитриевски, Декан, Факултет за земјоделски науки и храна

**3. Зуица Змејковска, замена за Евгенија Серафимовска Киркова**, Секретаријат за Европски прашања

**4 Мемет Аџами замена за Ардиана Абази – Рамадани,** Министерство за економија

**5. Рахим Муслиу, замена за Славица Јакимовска**, Државен советник, Министерство за локална самоуправа.

**Резултати: Претседателот на Комитетот и 14 членови и 5 заменици со право на глас (од вкупно 24 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од ¾ од членовите со право на глас (или нивни заменици) за одржување на состанокот согласно Деловникот за работа член 9 став 4.**

<u>Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:</u>

1. **Вернер Шисел**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),

<u>Претставници од Европска Делегација</u>

1. **Димитар Малиновски**, Делегација на Европската Унија во Република Македонија

2. **Оливиер Мас,** Делегација на Европска Унија во Република Македонија

<u>Претставници на ИПАРД структурата:</u>

**Претставници од НАО и НФ :**

1. **Александра Симјановска,**Раководител на одделение за финансиски менаџмент, Национален Фонд, Министерство за финансии.

**Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):**

1. **Младен Колариќ,** Раководител на Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.
2. **Стојан Гацов,** Раководител на Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.
3. **Игор Агоски,** Раководител на Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондовите.

4. **Виктор Младеновски,** Виш соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.
5. **Јасмина Хаџибулиќ,** Помлад соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.
6. **Мухадин Лимани,** Помлад соработник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.
7. **Златко Колевски,** Соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондовите.

**8. Оливер Стефановски,** Помлад соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондовите.
**9. Ангел Карапетров,** Помлад соработник, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондовите.

<u>Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):</u>

**1. Тони Димовски**, Директор на <u>Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР)</u>..
**2. Маја Брајовиќ**, Раководител на сектор за внатрешна ревизија,<u>Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР</u>)
**3. Билјана Вуковиќ,** Раководител на сектор за одобрување на проекти , <u>Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР</u>).

ление за правни работи

Листа на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во **Прилог 1** од овој Записник.

Листа на набљудувачи е прикажана во **Прилог 2** од овој Записник.

**Резултати: Претседателот на Комитетот и 14 членови и 5 заменици со право на глас (од вкупно 24 члена со право на глас) учествуваа на состанокот.** ***Со што постигна кворум за донесување на соодветните одлуки.***

## II. ДНЕВЕН РЕД

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

**1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Почеток на состанокот/Усвојување на Нацрт Дневниот ред за 13-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД "**
Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК). Претседателот се осврна на предлог Дневниот ред на состанокот и отвори дискусија по однос на предложените точки од истиот.

По завршување на дискусијата,, Претседателот ја усвои следнава одлука:

**Одлука бр.1: (Во врска со точка 1 од Дневниот ред)**

Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Дневниот ред за (13<sup>-от</sup>) тринаесеттиот (есенски) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

Усвоениот Дневен ред е прикажан во **Анекс 1**.

## 2. Во врска со точка 2 од дневниот ред: ”Усвојување на Записникот од претходниот (12ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 13ти декември, 2012)”

Претседателот ги информираше членовите дека Нацрт Записникот од 12ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 29ти мај, 2013) беше доставен за коментари до сите членови на Комитетот и до присутните претставници на Европската Комисија. Тој информираше дека забелешките дадени од претставниците на Европската Комисија се земени во предвид и се вклучени во предложениот нацрт записник.

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:*

**Одлука бр.2: (Во врска со точка 2 од Дневниот ред)** Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од (12-от) дванаесеттиот (пролетен) состанок, кој се одржа на 29 мај, 2013 година, како финален.

Усвоениот Записник е прикажан во **Анекс 2**.

## 3. Во врска со точка 3 од дневниот ред:” Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (12ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и дискусија”

Претставникот од Телото за управување–Тамбуркова, информираше за напредокот во спроведувањето на Одлуките/заклучоците донесени на 12-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 29ти мај 2013 година.

Директорот од АФПЗРР - Димовски, информираше за заклучок бр.6 дека листата на најчесто поставувани грешки при аплицирање на ИПАРД Програмата е објавена на веб страната на АФПЗРР и е вметната во извештајот на АФПЗРР. Исто така истакна дека најчестите грешките се надминати со симплифицирањето во постапката при аплицирање и дека ќе се продолжи во таа насока со превземање на мерки за елиминирање на грешките во фаза на аплицирање .

По завршување на дискусијата, Претседателот го усвои следниов:

**Заклучок бр.1**: Комитетот за следење на ИПАРД, беше информиран за напредокот во спроведување на одлуките/заклучоците на 12ти Комитет за следење на ИПАРД, одржан на 29ти мај, 2013.

| |
|---|
| *Извештај за спроведување на Одлуките/заклучоците на 12^ти (пролетен) Комитет за следење на ИПАРД одржан на 29^ти Мај, 2013,*е прикажан во **Анекс 3** |

**4. Во врска со точка 4 од дневниот ред: ” Информација за претстојниот ИПА Комитет за следење ”**

Претставникот од СЕП-Змејкова, информираше за активностите на НИПАК Секретаријатот како и за следниот ИПА Комитет кој ќе се одржи на 06.12.2013год, каде ќе се дискутира за сите пет компоненти и ќе се дадат конкретни заклучоци како да се продолжи со работа во следната година.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниов:

| |
|---|
| **Заклучок бр 2:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата беше информиран за претстојниот ИПА Комитет за следење |

***5. Во врска со точка 5 од Дневниот ред: ” Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата”***
***5.1. Во врска со точка 5.1 од дневниот ред :”Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку податоци – индикатори за следење”***

Претставникот од Тело за управување со ИПАРД - Младеновски, информираше за досегашните резултати од спроведување на ИПАРД Програмата и реализација на целите на Програмата врз основа на извештај од период мај 2013-октомври 2013.

**Дискусија која се одвиваше во врска со точка 5.1:**

Претставникот од ЕК-Шисел, предложи во извештајот да се дополни со информација за тековната евалуација на ИПАРД Програмата и да биде започната што поскоро бидејќи истата е обврска предвидена со Секторскиот договор помеѓу РМ и ЕК.
Претставникот од Асоцијација на земјоделци, Шаклев, постави прашање колку средства имаме на располагање од ЕК.

Претставникот од НАО, Симјановска, на прашањето на Шаклев (Асоцијација на земјоделци), образложи дека со финансиските алокациите од 2007-2013 за ИПАРД има на располагање околу 60 милиони евра.
Претставникот од ЕК, Шисел, информираше дека ЕК досега на РМ има исплатено 12 милиони евра од 60 милиони евра кои се на располагање на Р.М.
*По завршување на дискусијата, Претседателот го усвои следниот:*

**Заклучок бр 3:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ги разгледа резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата преку показатели и податоци за следење на програмата.

*Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата за периодот Мај 2013 - Декември 2013 е прикажан во Анекс 4.*

***5.2.* Во врска со точка 5.2 од дневниот ред: “ Извештај за следење на проектите на ИПАРД Програмата (и дискусија)“**

Претставникот од АФПЗРР, Вуковиќ се осврна на последниот 8ми јавен повик како и на тешкотиите со кои се соочува АФПЗРР во процесот на одобрување на проекти и одобрување на барањата за исплата, како и превземените активности за подобрување на имплементацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013 во контекст на зајакнување на системот за контрола., Таа информираше и за листата на најчести грешки при аплицирање на ИПАРД Програмата и тоа:

- некомплетна документација дури и по дополна на барањето.
- кај инвестициите над 10.000 евра најчеста причина за одбивање се недостатоци на понудите односно понуди со капитална, комерција, семејна поврзаност.
- започната инвестиција пред потпишување на Договорот за финансиска поддршка со АФПЗРР.
- несоодветни инвестиции согласно ИПАРД Програмата.
- корисници несоодветни по големина.
- корисници несоодветни согласно критериумите за производни капацитети.
- соодветната сума на инвестицијата е под минимумот определен со ИПАРД Програмата.
- барателот по добивањето на Решението за одобрување не дошол да го потпише договорот.

**Дискусија која се одвиваше во врска со точка 5.2:**

Претставникот од ФФРМ, Секуловски извести за проблемите кои тековно ги имаат земјоделците во врска со аплицирањето на ИПАРД Програмата и реализација на одобрен проект кој е поврзан со рокови во делот на остварување на растителното и сточарско производство. Говореше за проблемите на кредитирање на проектите и предложи да има постојан отворен јавен повик за да се аплицира по ИПАРД Програмата.

Директорот од АФПЗРР, Димовски, појасни дека како решение за дел од проблемите за кои говореше Секуловски, апликантите можат да аплицираат по Програмата за рурален развој, која би била поприкладна за проекти врзани со растителното и сточарското производство. Во врска со предлогот од претставникот од ФФРМ, Секуловски, Димовски одговори дека АФПЗРР во просек објавува три јавни повици годишно, што ја покрива календарски целата година, но и покрај тоа опцијата за постојан отворен јавен повик останува отворена и се анализираат можностите за спроведување на истата.
Претставникот од МАП, Ристевски, говореше за тешкотиите на апликантите предизвикани од правилото на три независни понуди и споредливост на истите, за што изнесе мислење дека истото е непотребно и дека е неопходно да се толерира определен процент на разлика во споредливост во понудите.
Директорот на АФПЗРР, Димовски, потврди дека правилото на три независни понуди е голем проблем за апликантите и појасни дека АФПЗРР има направено база на референтни цени, еден вид алатка што дава можност за измени, поедноставување и олеснување на целиот процес и сето ова е споделено со претставниците на ЕК од каде се очекува позитивен одговор за бришење на правилото на три понуди.
Претставникот од Асоцијација на земјоделци, Шаклев ,праша дали ова подразбира дека повеќе нема потреба да се бара и сопственичка структура на понудувачите и дали има можност апликантите дополнително да доставуваат документи во рокови кои ќе им ги даде АФПЗРР.
Директорот на АФПЗРР, Димовски, одговори дека и понатака ќе биде потребна сопственичката структура а во врска со дополнителниот рок за доставување на потребните документи тој одговори дека тоа веќе е регулирано согласно процедурите за работа на АФПЗРР.
Претставникот од Сојуз на земјоделци Тантаров, праша колкава површина на земјиште треба да поседува апликантот, како услов да му се додели трактор и дали има апликации за комбајни.
Директорот на АФПЗРР, Димовски, на прашањето на претставникот од Сојуз на земјоделци, одговори дека за комбајни може да се аплицира по мерка 302 во подмерката за „Машински Прстени“. Претставникот од ЕК, Шисел, се надоврза дека подмерката „Машински Прстени“, е добра можност за добивање на комбајни бидејќи дава можност со здружување на средства да се спроведат поголеми инвестиции. Тој истакна дека комбајните не се вклучени во зелениот или житниот сектор, затоа што секторската анализа покажа дека зелениот сектор е многу конкурентен а оваа програма е изготвена за секторите каде помошта е најпотребна.

По завршување на дискусијата,Претседателот го усвои:

**Заклучок бр.4:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за следењето на проектите на ИПАРД Програмата

*Извештај за следење на проектите за ИПАРД Програмата е даден во Анекс 5.*

**5.3.Во врска со точка 5.3. од Дневниот ред: "Информација за губење на средства од 2010"**

Претставникот од НАО, Симјановска, информираше за губење на ИПАРД средства за 2010 година, како и за можностите за губење на средства за 2011 година. Земајќи ги во предвид споменатите олеснувања на ИПАРД Програмата, четвртата модификација, правилото на три понуди и измените на Секторската спогодба, истакна дека постои можност загубите да бидат помали од предвиденото.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр.5**: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за потенцијална можност за губење на средства од 2010.

***5.4*** **Во врска со точка 5.4 од Дневниот ред: "Акциониот план за подобрување на апсорпцијата на ИПАРД Програмата"**

Претставникот од Тело за управување со ИПАРД, Костовска, информираше за напредокот на имплементацијата на Акциониот план за зголемување на апсорпцијта, посочувајќи на промените што се направени во административните капацитети во АПРЗ и во останатите ИПАРД структури, за измените на ИПАРД програмата кој позитивно влијаеле на 8[ми] јавен повик каде бројот на пристигнати апликации е 402 и за воведување на нови мерки во ИПАРД Програмата.

Директорот на АПРЗ, Златков, даде подетална информација околу организацијата на АПРЗ и активностите кои ги превземаат советниците од АПРЗ со цел да се подобри бројот на апликанти.

Претставникот од ЗЕЛС, Вртеска, побара поголема соработка да има Телото за управување со ИПАРД во врска со информираноста за мерката рурална инфраструктура. Претставникот од ФФРМ, Секулоски, предложи да се направи унифициран прирачник и да се зголеми степенот на информираност кај крајните корисници. Директорот на АФПЗРР, Димовски на претставникот на ФФРМ, Секуловски одговори дека се изготвени детални упаства по мерки, и веќе се користат.

Претставникот од СЕП, Змејкова, информираше дека во врска со мерката рурална инфраструктура договорено е со ЕК и Светска Банка да поголемиот дел од средствата од 2013, некаде околу 18 милиона евра се префрлат во I компонента односно во буџетот на РМ и се управуваат преку проектите за Светска Банка, како грантови на

општините. Таа истакна дека овие средства треба да почнат да се користат од 2014 година.

По завршување на дискусијата, Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр.6:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за Акциониот план за подобрување на абсорпцијата.

### *6.* Во врска со точка 6 од Дневниот ред: "Информација за V модификација на ИПАРД Програмата"

Претставникот од Тело за управување со ИПАРД, Костовска, информираше дека петтата измена на Програмата 2007-2013 на 21 ноември, 2013, била разгледана на Комитетот за рурален развој на ЕУ и е одобрена, а одлуката се очекува до крајот 2013. Таа истакна дека петата модификација се однесува на финансиските табели во ИПАРД Програмата 2007-2014 т.е. воведување на алокација за 2013 година. Таа, појасни дека алокацијата првично изнесувала 20 милиони евра, меѓутоа за да се помогне на руралната инфраструктура заедно со службите на Европската комисија (Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој и Генерален Директорат за проширување) одлучено е средства од ИПАРД да се префрлат во првата компонента од ИПА каде што преку принципите на Светска Банка ќе се реализира Програмата за рурална инфраструктура. Претставникот од Асоцијацијата на земјоделци, Шаклев,побара информации за можни ограничувања за мерката рурална инфраструктура.

Претседателот појасни дека правилата и условите за оваа мерка ќе бидат познати по акредитирање на мерката.

Претставникот на МЕД, Брајановска, искажа загриженост за руралната средина, фрагментацијата на природните живеалишта на загрозени видови и посочи на нејзина заштита со поголема вклученост на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Претседателот појасни дека ниеден инфраструктурен објект во државава, неможе да се гради без елаборат за влијанитето врз животната средина што значи дека во тој однос ќе има заштита.

Претставникот од ЕУ Делегација, Мас, информираше дека конечната одлука за префрлање на финансиските средставта за руралната ифраструктура ќе биде донесена во Брисел до крајот на декември. Од овие 18 милиони евра, 16 ќе се користат за рурална инфраструктура,а другите 2 ќе се користат за пилотирање на некои проекти за наводнување од помал обем. Шеснаесет милиони евра ќе бидат спроведени преку Светската банка и дека ќе има многу активности во консултација со

сите засегнати страни. Досега Министерството за финансии и Светската банка првенствено работеа со големите урбани општини,а сега овие пари се наменети за рурални општини кои што генерално се помали и со помали капацитети.

**6.1. Во врска со точка 6.1. од Дневниот ред: “Усвојување на VI та модификација на ИПАРД Програмата”.**

Претставникот на Тело за управување со ИПАРД, Трошански, информираше дека VIта модификација на ИПАРД Програмата е во насока на олеснување на работата во ИПАРД Агенција, посебно во секторот за одобрување на проекти. Тој ја потенцираше улогата на сите членови на Комитетот, на здруженијата на земјоделци, Асоцијацијата на земјоделци, Федерација на фармери, Асоцијација на преработувачи и сите можни корисници на оваа поддршка како носители на иницијативите и смерници за подобрување на апсорцијата на средства.

Сите треба да бидат креатори на подобра Програма, додаде Претседателот и во секое време е можно да се доставуваат предлози за подобрување на Програмата и истакна дека Телото за Управување со ИПАРД, треба да ги интензивира контактите со коморите, со здуженијата со цел преку дијалог да се лоцираат вистинските потреби и да се нотираат во одредена измена и подобрување на Програмата, ако се во согласност со европските правила на игра.

Претставникот на ЕК, Шисел, појасни дека се работи за суштинска измена и дека ќе треба малку подолго време за одобрување од ЕК. Тој побара објаснување на делот 3.2 инвестиција во дивеч во кој е наведен терминот професионални ловци. Претседателот предложи детален и прецизен одговорот на ова прашање да се даде во текот на натамошната комуникација.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

**Одлука бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа предлогот за VI модификација на ИПАРД Програмата и го задолжи Телото за управување со ИПАРД за понатамошни активности.

Предлог VI модификација на ИПАРД Програмата е прикажана во Анекс 6.

**7. Во врска со точка 7 од Дневниот ред: “Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД“**

Претставникот од НАО, Симјановска, информираше за надлежноста на институциите за управување и контрола на ИПАРД и активности за надминување на слабостите

константирани во текот на работењето, намалување на ризиците и нивно затворање како и за одредени неправилности и нивно корегирање .

Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр 7:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирањето на системот за управување и контрола.

Информација за активностите превземени од НАО за подобра имплементација на ИПАРД програмата и систем за управување и контрола е прикажана во Анекс 7

**8.1.Во врска со точка 8.1 од Дневниот ред: "„Активности за техничка помош": Извештај за подготовка за акредитација на Мерката 501 – Техничка помош за 2013"**

Претставникот од НАО, Симјановска информираше дека од Министерството за финансии се доставени последните коментари, истите се имплементирани и има најава од ЕК дека кон средината на следната година ќе се одржи мисија за оценка на подготвеноста на структурата за спроведување на мерката 501.Техничка помош - Таа истакна дека се надеваат дека следната година ТУ ќе може во целост да ги искористи средствата кои се на располагање од мерката 501 Техничка помош.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр. 8:** Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот за акредитација за Мерката 501, Техничка помош од ИПАРД Програмата.

Извештај за напредокот на акредитација за мерката техничка помош од ИПАРД Програмата 2007-2013 е прикажан во Анекс 8.

**8.2. Во врска со точка 8.2. од дневниот ред: "Усвојување на Годишниот Акциски План за имплементација на мерката за Техничка Помош за 2014"**

Претставникот од Телото за управување со ИПАРД, Стефановски, информираше за предвидените активности за Годишниот Акциски план за имплементација на мерката за Техничка Помош за 2014.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја донесе следната:

**Одлука бр. 4 :** Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и одобри Годишниот Акциски План за имплементација на мерката за Техничка Помош за 2014.

Годишниот Акциски план за имплементација на мерката за Техничка Помош за 2014 е прикажан во Анекс 9.

***9.*** **Во врска со точка 9 од дневниот ред: "Напредок на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата "**

Претставникот од Телото за управување со ИПАРД, Гацов, информираше за напредокот во имплементацијата за комуникација и публицитет за 2013 со сумирање на превземените активности.

Претседателот, дополни дека е започната силна кампања за искористување на ИПАРД средставата преку националните и локалните телевизии, радиа и печатени медиуми, финансирана од националниот буџет.

Директорот на АФПЗРР, Димовски, информираше за активности за публицитет на АФПЗРР и изнесе статистички податоци за број и видови на контакти со крајните корисници.

Претставникот од ФФРМ, Секуловски, дополни дека има можност преку веб страница на ФФРМ да се зголеми информираноста на заинтересираните корисници за ИПАРД Програмата .

По завршување на дискусијата, Претседателот го усвои следниот:

**Заклучок бр. 9:** Комитетот за следење на ИПАРД беше информиран за напредокот за активностите во врска со спроведувањето на комуникацијата и публицитетот на ИПАРД Програмата за периодот мај 2012-декември 2013 од страна на Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата.

Извештај за прогрес во спроведување на Годишниот акционен план за комуникација и публицитет за 2013 мај 2013 – декември 2013 е прикажан во Анекс 10.

***9.*****1. Во врска со точка 9.1 од дневниот ред: "Усвојување на Годишниот Комуникациски План за 2014"**

Претставникот на Тело за управување со ИПАРД, Гацов,информираше за Годишниот Комуникациски план за 2014.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја донесе следната:

**Одлука бр. 5:** Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и одобри Годишниот Комуникациски План за 2014.

Годишниот Комуникациски план за 2014 е прикажан во Анекс 11.

## 10. Во врска со точка 10 од дневниот ред:" Прогрес за подготовка на ИПАРД 2014-2020"

Претставникот на Тело за управување со ИПАРД, Гацов, информираше дека Телото за Управување со ИПАРД, по добивањето на правилата и листата на 11 достапни мерки од страна на ЕК, ја започна подготовката на новата ИПАРД Програма. Покрај веќе акредитираните мерки за новиот програмски период на располагање се и агро-еколошките мерки, мерка за подршка за воспоставување на група производители, воспоставување на заштита на шумите, развој на руралната инфраструктура, подготвување и спроведување на стратегијата за локален економски развој, односно ЛЕАДЕР пристапот, подобрување на обуката како и нова мерка советодавни услуги. Во тек е ажурирањето на податоците со другите сектори и со постојаните групи во министерството за земјоделство кои се составени од членови на образовно-научни институции, комори и здруженија на земјоделци со што ќе се финализира нацрт верзијата. Материјалот ќе биде доставен на сите членови, кои исто така со свои предлози и забелешки можат да учествуваат во нејзиното креирање пред да биде испратена на ЕК. Според претставникот од МАП, Ристовски, соработката треба да се формализира и да се даде временски период за разгледување и давање на предлози на нацрт верзијата на новиот програмски период .

Од претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Гацов, беше одговорено дека по финализирањето, нацрт верзијата ќе биде проследена до сите заинтересирани, а се планираат и средби и состаноци. Претставникот на Тело за управување со ИПАРД, Костовска, појасни дека генерално мерките од ИПАРД Програмата остануваат исти. Акредитираните мерки остануваат и ќе има можност да се воведат нови. За нови мерки потребно е барање од секторите, но и анализи за подржување на тие барања. Таа даде забелешка на тоа што членовите на Комитетот за следење на ИПАРД досега немаат доставени писмени предлози и анализи за нови мерки .

Претставникот на Сојузот на земјоделците, Тантаров, информираше дека потсекторските групи во министерството практично не функционираат бидејќи не е најден соодветен начин за покривање на патните трошоци на членовите. На ова, Костовска напомена дека имаме разбирање за овој проблем и дека се бара законска можност да се надмине, но сепак посочи дека во интерес на сите е да имаме квалитетна Програма која соодејствува со условите и барањата на земјоделците.

Претставникот на ФФРМ, Секуловски надополни дека треба да се воспостават и директни контакти со задолжени лица во инстуциите, што ќе ја олеснат

комуникацијата и зголемат ефикасноста. Претставникот на ЕК, Шисел, појасни дека Програмата е важна и од аспект на животната средина на што треба да се обрати внимание.
Претставникот на МАП, Ристовски, даде забелешка дека освен агро-еколошкиот момент треба да се внимава и на квалитетот и безбедноста на храната.

По завршување на дискусиите, Претседателот ги усвои следните:

**Заклучок бр. 10:** Комитетот за следење на ИПАРД беше информиран за прогресот за изработка на ИПАРД Програмата за 2014-2020
**Заклучок бр 11:** Се задолжува Телото за управување со ИПАРД ,веднаш по изготвување на нацрт верзија на ИПАРД Програма 2014-2020 , да ја достави до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на разгледување и да се даде рок во кој ќе ги достават своите коментари и предлози по нацрт верзијата ,до Телото за управување со ИПАРД.

**10.1/10.2. Во врска со точка 10.1/10.2. од дневниот ред: ”Информација за одобрување на ИПА стратешки план на земјата” и ”Информација за одобрување на ИПА 2014-2020 законска рамка”**

Претставникот на ЕК, Шисел, во своето излагање покрај точката 10.1 ја опфати и точката 10.2 и го објасни начинот на работа на ЕУ и важноста на законската рамка како предуслов за секоја понатамошна фаза. Претставникот на ЕК, Шисел информираше дека Секторскиот договор е билатерален договор помеѓу ЕК и РМ кој содржи суштински и несуштински делови и го објасни начинот на измена на овие делови. Во врска со трите понуди, претставникот на ЕК, Шисел истакна дека треба да се има заедничко мислење во однос на базата на референтни цени којашто е добра основа за подобрување на имплементацијата на ИПАРД Програмата. Претставникот на ЕК, Шисел информираше дека процесот на усвојување на новата Програма од страна на европските тела е во тек, се уште не е завршен, но се очекува тоа да се направи до почетокот на 2014 година.
Претставникот на НАО, Симјановска, информираше дека во секторот земјоделство и рурален развој ќе биде полесно да се постави целта во споредба со другите сектори бидејќи веќе има генерална стратегија која што исто така го покрива периодот од 2014-2020. Новата ИПА предвидува и коефициент на успешност што значи дека некој сектор може да добие и повеќе средства доколку се покаже успешен во среднорочната ревизија, но и одземање на средствата доколку се покаже како неуспешен. Поради тоа сега е потребно да се подготви квалитетна програма.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниот:

| |
|---|
| Заклучок бр.12: Комитетот за следење со ИПАРД се информираше од страна на претставникот на ЕК за одобрувањето на ИПА Стратешкиот документ на земјата и за одобрување на ИПА 2014-2020 законска рамка. |

11. Во врска со точка 11 од дневниот ред: "Разно"

Претставникот на Тело за управување со ИПАРД, Младеновски, информираше дека се добиени коментари од ЕК на Годишниот извештај за следење на ИПАРД и истите се доставени до ИПАРД Агенција и НАО за постапување .

*12.*Во врска со точка 12 од дневниот ред:"Предлог Дневен ред за следниот (14ти) состанок на Комитет за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за следниот состанок"

Претседателот предложи следниот Комитет за следење на ИПАРД, да се одржи во мај 2014, а точната дата на состанокот ќе биде договорена во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија. Претставникот на ЕК, Шиселпредложи на следниот состанок да се дискутира и за продолжување на мандатот на Комитетот за ИПАРД 2014-2020 Програмата, како би имале легитимитет за дискутирање по истата. Во отсуство на дополнителни коментари, Претседателот заклучи дека 13-от Состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е завршен.

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| Зоран Коњановски | М-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседател | Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: 20/06/2014 | Датум: 20/06/2014 |

# Листа за проверка на присутност на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Зоран Коњановски Претседател | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Валентина Стојановиќ | **МЗШВ** | | | √ | **Г-ѓа Катерина Ивановска** | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | **МЗШВ** | √ | | | | 1 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-ѓа Славица Јакимовска | **МЛС** | | | √ | **Г-дин Рахим Муслиу** | 4 |
| 6. | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковска | **СЕП** | | | √ | Г-ѓа Зуица Змејковска | 0 |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | **МК** | √ | | | | 1 |
| 8. | Г-ѓа Ардиана Абази - Рамадани | **МЕ** | | | √ | **Г-дин Мемет Аџами** | 0 |

**Прилог 1 – Листа на присутни 13ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Г-дин Дејан Рунтески | **Агенција за храна и ветерина** | | √ | | | 4 |
| 10. | Г-ѓа Јадранка Иванова | **МЖСПП** | | √ | | | 4 |
| | | | АГЕНЦИИ | | | | |
| 11. | Г-дин Игор Златков | **АПРЗ** | √ | | | | 0 |
| 12. | Г-дин Љубиша Николовски | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | √ | | | | 2 |
| | | ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | |
| 13. | Г-ѓа Стојмирка Тасевска | **Стопанска комора на Македонија** | | √ | | | 2 |
| 14. | Г-дин Огнен Оровчанец | **Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ** | √ | | | | 2 |
| 15. | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Андрија Секуловски | **Федерација на фармери на Македонија** | √ | | | | 0 |
| 17. | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | √ | | | | 1 |

Прилог 1 – Листа на присутни 13[ти] состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | 0 |
| 19. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | | | √ | Г-ѓа Ана Котевска | 5 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | √ | | | | 1 |
| 21. | Г-ѓа Оливија Штерјова | **Комора на занаетчии** | √ | | | | 2 |
| 22. | Проф д-р Илија Каров | **Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип** | | √ | | | 4 |
| 23. | Г-дин Ефтим Шаклев | **Асоцијација на земјоделци** | √ | | | | 0 |
| 24. | Г-дин Петар Ѓоргиев | **Рурална мрежа на Р.М** | | √ | | | 1 |
| 25. | Г-ѓа Робертина Брајаноска | **Македонско еколошко друштво** | √ | | | | 0 |
| | ВКУПНО | 20 | 14 | 5 | 5 | | |

Прилог 1 – Листа на присутни 13ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

## Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД:

## Претставници од државни институции:

- Андријана Велевска, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Сектор ревизија,
- Александар Димитровски, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Сектор ревизија
- Горан Ковачев, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии

## Претставници од Ревизорско Тело:

- Соња Велјаноска –Сектор за ревизија за компонента V - ДЗР
- Јасмина Вукичевиќ – Сектор за ревизија за компонента V-ДЗР

## Предлог дневен ред
## за 13[ти] состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

Датум:05.12.2013

Место:Клуб на пратеници

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од: | Документи/Прилози |
|---|---|---|---|---|
| | 8:30 | Пристигнување и регистрација | ТУ Секретаријат | |
| 1. | 9:00 | Отварање на состанокот<br>Усвојување на предлог дневниот ред на 13ти состанок на Комитет за следење на ИПАРД | (Претседател)<br>Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД | Предлог дневен ред |
| 2. | 9.10 | Усвојување на записникот од претходниот 12[ти] состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 29ти мај, 2013. | (Тело за управување со ИПАРД) | Финален записник |
| 3. | 9:20 | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (12ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и дискусија | (Тело за управување со ИПАРД) | Извештај на Тело за управување со ИПАРД |
| 4. | 9:35 | Информација за претстојниот ИПА Комитет за следење | (НИПАК) | Презентирано на самиот состанок |
| 5. | 9:50 | Состојба со спроведување на ИПАРД програмата | | |
| 5.1 | 9:50 | Испитување на резултатите на ИПАРД програмата преку податоците-индикаторите за следење | (Тело за управување со ИПАРД) | Извештај за следење ( статус, мај 2013-декември 2013) |
| 5.2 | 9.55 | Извештај за следење на проектите на ИПАРД Програмата | (ИПАРД Агенција) | Извештај на ИПАРД Агенција |
| 5.3 | 10:10 | Информација за губење на средства од 2010 | (НАО/ТУ) | Презентирано на самиот состанок |
| 5.4 | 10:25 | Акционен план за подобрување на абсорпцијата | (ТУ) | Презентирано на самиот состанок |
| 6. | 10:40 | Информација за Vмодификација на ИПАРД Програмата | (Тело за управување со ИПАРД) | Информација за V и предлог VI модификација на ИПАРД Програмата |
| 6.1 | 10:55 | Усвојување на VI [та] модификација на ИПАРД Програмата | | Предлог за VI та модификација на ИПАРД Прокрамата |

**Анекс 1-Дневен ред за 13[ти] Комитет за следење на ИПАРД**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | 11:10 | Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД | ( НАО) | Извештај на НАО |
| | 11:25 | Кафе пауза | | |
| 8. | 11:45 | Активности за техничка помош | | |
| 8.1 | 12:00 | Извештај за подготовка за акредитација на Мерката 501 – Техничка помош за 2013 | (НАО) | Извештај за напредокот во подготовка на техничката помош |
| 8.2. | 12:15 | Усвојување на Годишниот Акциски План за имплементација на мерката за Техничка Помош за 2014 | (Тело за управување со ИПАРД) | Годишен Акциски План за имплементација на мерката за Техничка Помош за 2014 |
| 9. | 12:30 | Прогрес на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата | (Тело за управување со ИПАРД) | Извештај на Тело за управување со ИПАРД |
| 9.1 | 12:45 | Усвојување на Годишниот Комуникациски План за 2014 | (Тело за управување со ИПАРД) | Годишниот Комуникациски План за 2014 |
| 10. | 13:00 | Прогрес за подготовка на ИПАРД 2014-2020 | (ТУ/ЕК) | Презентирано на самиот состанок |
| 10.1 | 13:15 | Информација за одобрување на ИПА СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ЗЕМЈАТА | (ТУ/ЕК) | |
| 10.2 | 13:30 | Информација за одобрување на ИПА 2014-2020 законска рамка | | |
| 11. | 13:45 | Разно | | |
| 12. | 14:00 | Предлог на Дневен ред за следниот (14ти) пролетен состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | Дискусија |
| | 14:15 | Затварање на состанокот | Претседавач | |